Обраќање на Министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод
Денот на Првата пешадиска бригада
02 април 2022 година – Касарна „Страшо Пинџур“ - Петровец

Почитуван началник на Генералштабот, генерал Ѓурчиновски
Почитувани генерали, сегашни и пензионирани
Почитувани офицери, подофицери и војници,
почитувани претставници на медиумите,
дами и господа,
драги пријатели,

Чест ми е што сум денеска со вас, на Денот на Првата пешадиска бригада, денот кога одбележуваме 10 годишнина од воспоставувањето на најголемата здружена тактичка единица во нашата Армија. Единица која ги промовира најдобрите вредности на составите од кои произлезе. Единица во чии редови се припадници од повеќе родови и служби на Армијата и која најдобро ја отсликува разноликоста на етничката припадност но и родовата еднаквост.

Во оваа најголема армиска единица, рамо до рамо, различни а единствени Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи – ги покажувате својата стручност и своите највисоки способности и докажувате дека мултиетничноста е предноста на нашата држава.

Во вашите редови има 27 жени на командирски должности од кои 2 се командири на чета, а 16 на водови. Ова е најголема застапеност на жени на командни должности досега. Тие, со својот пример, залагања и резултати, докажуваат дека жените во Армијата не се само бројка.

Вашата единица го има најголемото бројно учество во обезбедувањето на поддршката на граѓаните и институциите на државата, при разни елементарни непогоди, пандемии, но и во поддршка на полицијата на јужната граница. Од вашата единица се најголем број припадници кои учествуваат во меѓународните мировни мисии и кои достојно ја претставуваат државата надвор од нејзините граници. За сета ваша посветеност, професионалност, обученост, во име на Владата, во свое име, но и во име на граѓаните, ви изразувам благодарност.

Бидејќи вие, припадниците на Првата пешадиска бригада, се боревте со огнени стихии, со поплави, помагате во борбата со пандемијата, и секогаш излегувавте во поддршка за секоја потреба на нашите граѓани.

Почитувани,

Пред само една недела одбележавме две години од членството на Северна Македонија во НАТО. Токму вие, припадниците на Армијата, одигравте важна улога во реализација на оваа стратешка цел за државата. Со вашата стручност и подготвеност во извршувањето на обврските во мировните мисии ги добивте сите пофалби од командантите на армиите на земјите сојузнички и покажавте дека Армијата на Северна Македонија не случајно е  НАТО Армија.

И тоа го докажувате секојдневно. Вие, припадниците на Првата пешадиска бригада најдобро ќе ги претставите своите способности и борбена подготвеност веќе од утре кога започнува вежбата Блесок 22. На оваа вежба Лесниот пешадиски баталјон ќе покаже се што може, за да ја добие првата оценка согласно стандардите на НАТО.

Лично, јас сум убедена дека ќе бидете високо оценети. Не случајно Лесниот пешадиски баталјон е од вашиот состав. Вие ја имате довербата да ја претставите својата држава пред сојузниците во најдобро светло.

Заедно со сојузниците оваа пролет, дел од вас на полигонот Криволак ќе земат учество на најголемата вежба досега изведена во Решублика Северна Македонија. Тоа е вежбата „Swift Response 22“ со над 4 000 учесници од 8 НАТО земји - САД, Обединетото Кралство, Италија, Франција, Грција, Црна Гора Албанија и нашата држава.

Оваа пролет, заедно со сојузниците, на нашиот полигон Криволак ќе го покажете единството на НАТО, но и способноста на армиските припадници од сите сојузнички земји и перформансите на полигонот за изведување на најкоплексни вежбовни операции.

По членството во НАТО, Армијата во рекорден рок го заврши процесот на воено интегрирање во рамки на Алијансата и со тоа дополнително покажа дека нашите припадници се подготвени да одговорат на сите предизвици. Вие, припадниците на Армијата докажавте дека сте сериозни, одговорни и успешни во исполнувањето на обврските кои ги произлегуваат од членството во НАТО.

Вие сте посветени на државата, но и државата ве почитува.

Секој од вас знае со колкаво внимание изминатите 5 години државата посвете на вашата посветеност и резултати и тие беа почитувани. Денес работите во подобри услови, со нова опрема во која постојано вложуваме, имаме далеку подобар стандард од претходно. Но нема да запреме тука.

Наша обврска, моја, како министерка за одбрана и обврска на Владата е да ви обезбедиме се што ви е потребно за извршување на вашите задачи и активности и тоа да го правиме постојано. Бидете сигурни дека вложувањето во секој од вас ќе продолжи, бидејќи тоа е еден главните приоритет во мојот мандат.

Безбедносната ситуација во која се најде Европа покажува дека вложувањето во одбраната во ниту една земја не смее да запре. Дека одлуката на државата за зголемување на буџетот за одбраната за 0,2% од БДП секоја година за да достигнеме 2% од БДП - средства за нашата Армија, до 2024 година, била правилна одлука.

Во 2017 буџетот за одбраната беше под 1% од БДП. Оваа година е 1,77%. Со овие средства ние дополнително ќе ги зајакнеме сопствените капацитети ќе продолжиме со уште посилен интензитет да ја модернизираме нашата Армија.

Вие сте одбраната, вие сте нашата гордост и убедена сум дека како и досега така и понатаму постојано ќе ја претставувате нашата држава во мировните мисии и ќе бидете секогаш подготвени да ги исполнувате вашите задачи и активности во поддршка на граѓаните, мирот и стабилноста.

Нека ни е честит Денот на Првата пешадиска бригада.

Да живее Армијата на Република Северна Македонија!

Да живее Република Северна Македонија!

Ви благодарам.